АГРОПЛОД АД РЕСЕН

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА НЕКОНСОЛИДИРАНИ НЕРЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕСШТАИ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2020 ГОДИНА

**Финансиските извештаи на Агроплод АД Ресен се изготвени во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија**

***А.Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи***

Сметководствените политики и методи на вреднување користени при составување на финансиските извештаи за период од 01.01-30.06.2020година се непроменети и се применуваат конзистентно со оние применети при составување на финансиските извештаи за истиот период од претходната година.Истите ќе сеприменуваат до моментот додека не се донесе друг акт кој ги уредува овие прашања.

***Б.Коментар за остварените приходи***

Во период од 01.01-30.06.2020 Друштвото Агроплод АД Ресен остварило вкупен приход од 9.292 илјади денари од кои 7.965 илјади денари од наемнина на деловен простор,782 илади од субвенции и 545 илјади денари останати приходи кои споредувајќи ги со истиот период од минатата година имаме намалување кај приходот од продажба за 14 индексни поени а намалувањето се должи од кризата Ковид 19 од причини што дел од деловните партнери имаат основна дејност угостителство и туризам а во овој период нивната деловна активност е намалена.Намалувањето на приходите се должи и од намелената продажба на готов производ –јаболка.

***В.Коментар на остварените расходи***

Во период од 01.01-30.06.2020 Друштвото има расходи во износ од 14,570 илјади денари кои во споредба со истиот период од минатата година се за 6 индексни поени помали а се однесуваат на намален трошок за суровини и материјали кои во периодот 01.01-30.06.2019 биле 2.634 илјади денари а во период 01.01 30.06.2020год. изнесуваат 1.163 илјади денари.

Услугите со карактер на материјални трошоци се зголемени во споредба со минатата година .

Трошоците за вработените се намалени во споредба со минатата година

Трошокот за амортизација е поголем затоа што во имаме набавка на нови овошни насади од кои очекуваме поголемо производство, на

Намалените приходи доведуваат до помал позитивен финансиски резултат, споредбено мината со тековна година, и покрај тоа што и расходите се помали во споредба со истиот период минататат година.

*Г.Исплатени дивиденди*

Дивиденди не е исплаќано во текот на 2020.

***Д.Вложувања или продажба на материјални средства***

Во период од 01.01-30.06.2020 година има инвестиции во нематеријални средства ( Издатоци за развоја на проекти) и земјишта .Имаме продажба на едно основно средство во делот на постројки и опрема.

Во периодот од 01.01-30.06.2020 година согласно Законот за хартии од вредност , Агроплод АД Ресен за обезбедување на финансиски капацитет издаде акции од втора емисија и е извршено зголемување на капиталот .

***Ѓ. Промена во кредитните задолжувања***

Друштвото Агроплод АД нема кредитни задолжувања.

***Е.План и очекувања во престојниот период***

Досегашното свое работење Друштвото го извршува според свои утврдени стратешки цели и деловна политика со цел унапредување и постигнување на подобри резултати во работењето.

И покрај кризата од новонастатнатата ситуација со Ковид 19 Агроплод Ад Ресен ќе презема низа активности за успешно справување со истата, како во поглед на економските ефекти така и во насока кон заштита на здравјето на своите вработени.

Стратегиите за развој ги цели кон развој на земјоделието со подигање на современи органски и конвенционални овошни насади со јаболко, цреша,праска,нектарина,слива круша и костен. Со договори за деловна соработка, со преработувачките капацитети за овошја, се планира финализирање на овошјето како суровина до добивање на готов производ за пазар со различни преработки.

Со оглед на тоа дека поголем дел од вкупните приходи се од издавање под наем на деловен простор со кој располага, се насочува кон наоѓање на добри закупци и инвестирање во објектите.

Друштвото е насочено кон проценка , намалување и минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Очекувањата на Управувачките органи се зголемување на приходите како и рационализација на остварените трошоци, надминување на кризата, остварување на планираното и продолжување со постигнувања на позитивни финансиски резултати.

17.08.2020г. Агроплод АД Ресен